Институт за јавно здравје
на Република С. Македонија

# АНАЛИЗА НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА С.МАКЕДОНИЈА

# 2021
# 2022

Институт за јавно здравје на
Република С. Македонија

# АНАЛИЗА НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА ВО 2021 и 2022

Скопје, 2023

**Издавач:** ЈЗУ - ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Стручна обработка:** Оддел за здравствена промоција и следење на болести

**Автор:** Прим. д-р Весна Стамболиева, специјалист по социјална медицина

**Уредник:** Проф. д-р Елена Ќосевска

**Техничка подготовка:**

Сузана Дунгевска
Борче Андоновски

**Печати:** Винсент графика

**Тираж:** 20 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

616-052:614.21(497.7)"2021/22"(047)

СТАМБОЛИЕВА, Весна
Анализа на болничкиот морбидитет во Република С. Македонија во 2021 и 2022 / [автор Весна Стамболиева]. - Скопје : Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, 2023. - 88 стр. : граф. прикази, табели ; 30 см

Содржи и: Прилог табели

ISBN 978-608-235-126-1

а) Болнички морбидитет -- Македонија -- 2021-2022 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 62445829

# Содржина


## ВОВЕД 7

Општи карактеристики на болничката дејност ....... 7
Методологија на изработка ....... 7

## ОПШТ ДЕЛ 9

ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2021 И 2022 ГОДИНА ....... 11

1. Болнички морбидитет во Р.Северна Македонија во 2021 и 2022 година ....... 11
2. Состојби и трендови во 2022 во однос на регистрираниот болнички морбидитет во 2021 година ....... 11
3. Лекувани болни, остварени болнички денови и просечен престој според вид на јавни и приватни болнички установи ....... 19
4. Лекувани болни и болнички морбидитет на 10000 жители во центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат ....... 20

## СПЕЦИЈАЛЕН ДЕЛ 21

ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2021 и 2022 ГОДИНА ....... 23

I. група : ИНФЕКТИВНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ ....... 23
II. група : НЕОПЛАЗМИ ....... 24
III. група : БОЛЕСТИ НА КРВТА И КРВОТВОРНИТЕ ОРГАНИ И ОДРЕДЕНИ БОЛЕСТИ ШТО ГО ЗАФАЌААТ ИМУНИОТ СИСТЕМ ....... 25
IV. група : ЕНДОКРИНИ, НУТРИТИВНИ И МЕТАБОЛИЧНИ БОЛЕСТИ ....... 26
V. група : ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА И РАСТРОЈСТВА ВО ОБНОСКИТЕ ....... 27
VI. група : БОЛЕСТИ НА НЕРВНИОТ СИСТЕМ ....... 28
VII. група : БОЛЕСТИ НА ОКОТО И НА АДНЕКСИТЕ ....... 29
VIII. група : БОЛЕСТИ НА УВОТО И НА МАСТОИДНИОТ ИЗРАСТОК ....... 30
IX. група : БОЛЕСТИ НА ЦИРКУЛАТОРЕН СИСТЕМ ....... 31
X. група : БОЛЕСТИ НА РЕСПИРАТОРЕН СИСТЕМ ....... 32
XI. група : БОЛЕСТИ НА ДИГЕСТИВНИОТ СИСТЕМ ....... 33
XII. група : БОЛЕСТИ НА КОЖАТА И ПОТКОЖНОТО ТКИВО ....... 34
XIII. група : БОЛЕСТИ НА МУСКУЛНОСКЕЛЕТНИОТ СИСТЕМ И НА СВРЗНОТО ТКИВО ....... 35
XIV група : БОЛЕСТИ НА ГЕНИТОУРИНАРНИОТ СИСТЕМ ....... 36
XV. група : БРЕМЕНОСТ, ПОРОДУВАЊЕ И ПУЕРПЕРИУМ ....... 37
XVI. група: ОДРЕДЕНИ СОСТОЈБИ ШТО НАСТАНУВААТ ВО ПЕРИНАТАЛНИОТ ПЕРИОД ....... 38
XVII. група: КОНГЕНИТАЛНИ МАЛФОРМАЦИИ, ДЕФОРМАЦИИ И ХРОМОЗОМСКИ НЕНОРМАЛНОСТИ ....... 39
XVIII.група: СИМПТОМИ, ЗНАЦИ И НЕНОРМАЛНИ КЛИНИЧКИ И ЛАБОРАТОРИСКИ НАОДИ, НЕКЛАСИФИЦИРАНИ НА ДРУГО МЕСТО ....... 40
XIX. група : ПОВРЕДА, ТРУЕЊЕ И ДРУГИ ОДРЕДЕНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД НАДВОРЕШНИ ПРИЧИНИ ....... 41
XXI. група : ФАКТОРИ ШТО ВЛИЈААТ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА И КОНТАКТ СО ЗДРАВСТВЕНИТЕ СЛУЖБИ ....... 42

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА 43

## ПРЕПОРАКИ 44

## ПРИЛОГ ТАБЕЛИ 45

# ВОВЕД

Анализата на болничкиот морбидитет во Република Северна Македонија за 2021 и 2022 година е изготвена согласно Националната програма за јавно здравје на Република Северна Македонија (донесена на Владата на Република Северна Македонија на седница одржана на 8 февруари 2022г. и објавена во Службен весник на РСМ, бр. 33 од 14.2.2023 година) и Планот и Програмата за работа на ЈЗУ Институт за јавно здравје - Скопје за 2023 година.

**Општи карактеристики на болничката дејност**

Болничката дејност претставува важен дел на целокупниот здравствен систем преку кој се обезбедува стационарна здравствена заштита на населението. Со овој вид на здравствена заштита се опфаќаат болните кои не можат да се згрижат преку пружање на амбулантно-поликлиничка здравствена заштита.

Основната функција на болничко-стационарната дејност е да обезбедува дијагностицирање, лекување, рехабилитација, болничка нега и третман на болните, но и да обезбедува медицинско згрижување и нега на родилки и новороденчиња во стационарни услови.

Болничката дејност, покрај оваа основна функција, се карактеризира и со присуство и работа на високо-стручни кадри, со примена на најсовремена медицинска опрема со висока технологија. Стационарните установи, од терциерно ниво, се и едукативна база за стручно оспособување и усовршување на здравствените работници и соработници од сите профили, како и институции во кои се спроведува научно-истражувачка дејност.

Прикажани се показатели за развиеноста и функционалната активност на болничко-стационарната дејност, како посебно ниво на здравствена заштита. Морбидитетот е индикатор кој ги прикажува интензитетот, оптовареноста и честотата на појавата на болестите, односно хоспитално лекуваните на одредено подрачје.

Болничкиот морбидитет учествува во отсликувањето на патологијата на населението, овозможувајќи меѓудругото и предвидување на трендовите во наредниот период.

**Методологија на изработка**

Како основен изворен материјал користен е индивидуалниот извештај за стационарно лекувано лице од болничко-статистички материјал за 2021 и 2022 година, кој се прибира од сите болнички установи, се обработува во центрите за јавно здравје и се доставува во ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ - Скопје.

Како дополнителен материјал, користени се податоци од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија кои се однесуваат на демографските карактеристики на населението во Р. Северна Македонија.

Прикажани се следните состојби и параметри:

- лекувани болни и остварени болнички денови со просечно траење на лекување и стапки на морбидитет на 10000 жители, по групи на болести, вкупно за Републиката, 2021 и 2022 г.;
- лекувани болни и остварени болнички денови со просечно траење на лекување по здравствени организации, вкупно за Републиката, 2021 и 2022 г.;
- лекувани болни и остварени болнички денови со просечно траење на лекување според центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат, 2021 и 2022 г.

# ОПШТ ДЕЛ

# ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2021 И 2022 ГОДИНА

## 1. Болнички морбидитет во Р.Северна Македонија во 2021 и 2022 година

Во 2021 година во болничко-стационарните организации во Р. Северна Македонија вкупно се лекувани 204 534 болни или 985,6 болни на 10 000 жители кои оствариле вкупно 1 787 590 болнички денови. Просечното траење на лекување по еден случај во денови изнесува 8.8 дена.
Табела 2,5 и 6

Во 2022 година во болничко-стационарните организации во Р. Северна Македонија вкупно се лекувани 221 386 болни или 1208,6 болни на 10 000 жители кои оствариле вкупно 1 739 268 болнички денови. Просечното траење на лекување по еден случај во денови изнесува 7.9 дена.
Табела 1,5 и 6

| Година | 2021 | 2022 |
|---|---|---|
| Број на лекувани болни | 204 534 | 221 386 |
| Мб/10 000 жители | 985.6 | 1208.6 |
| Број на болнички денови | 1 787 590 | 1 739 268 |
| Просечно траење на лекување | 8.8 | 7.9 |

## 2. Состојби и трендови во 2022 во однос на регистрираниот болнички морбидитет во 2021 година

Во 2022 во однос на 2021 година се бележи:

**2.1.** ***зголемување на бројот на лекуваните болни*** во болничко- стационарните организации во 2022 во однос на 2021г за 8.2%
Табела 3, дијаграм 1

***2.2. зголемување на Мб/10 000 жители*** во 2022 во однос на 2021г за 22.6%, од 985.6 во 2021 на 1208.6 во 2022г
Табела 6, дијаграми 4 и 5

***2.3. намалување на бројот на остварените болнички денови*** за 2,7% во 2022 во споредба со 2021г.
Табела 4, дијаграм 6

***2.4.*** ***намалување на просечното траење на лекување*** во 2022 г. на 7.9 од 8.8 дена во 2021 година
Табели 1 и 2, дијаграми 9,10 и 11

**2.4.1.Зголемување на бројот на лекуваните болни** во болничко-стационарната дејност во 2022 во однос на 2021 година за 8.2% и тоа кај сите групи на болести со исклучок на инфективни и паразитски болести и одредени состојби во перинатален период.

- неоплазми за 13,9%;
- болести на крвта и крвотворните органи за 11%;
- ендокрини,нутритивни и метаболични болести за 25,7%;
- душевни растројства за 12.8%;
- болести на нервниот систем за 35%;
- болести на окото и на аднексите за 57,8%;
- болести на увото и на мастоиден израсток за 38%;
- болести на циркулаторниот систем за 24,1% ;
- болести на респираторниот систем за 38,3% ;
- болести на дигестивен систем за 19,8%;
- болести на кожата за 45,7%оо;
- болести на мускулноскелетен систем за 44,7%;
- болести на генитоуринарниот систем за 9,9%;
- конгенитални малформации за 19,6% и
- повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини за 20,7%.

***Намалување на бројот на лекуваните болни*** се забележува кај

- одредени инфективни и паразитски болести за 61,1% и
- одредени состојби во перинатален период за 1.5%.

Табела 3, дијаграми 2 и 3

***Дијаграм 1***




Извор: ИЈЗ на РСМ

*Дијаграм 2*




Извор: ИЈЗ на РСМ

*Дијаграм 3*




Извор: ИЈЗ на РСМ

**2.5. *зголемување на Мб/10 000 жители*** во 2022 во однос на 2021г за 22.6%, од 985,6 болни на 10000 жители во 2021 на 1208.6 во 2022 година и тоа кај сите групи на болести, со исключок на одредени инфективни и паразитски болести и одредени состојби во перинатален период.

- неоплазмите од 131,6% на 169,7%оо;
- болести на крвта и крвотвор. органи од 21.4%оо на 26,9%оо;
- ендокрини болести од 24,7%оо на 35,2%оо;
- душевни растројства од 20.3%оо на 25,9%оо;
- болести на нервниот систем од 13,1%оо на 20%оо
- болести на окото и на аднексите од 27%оо на 48,3%оо;
- болести на увото од 3,3%оо на 5,1%оо;
- болести на циркулаторниот с-ем од 119,8%оо на 168,4%оо;
- болести на дигестивниот систем од 77,4%оо на 105,1%оо;
- болести на респираторниот с-ем од 79,5%оо на 124,6%оо;
- болести на кожата од 10,4%оо на 17,2%оо;
- болести на генитоуринарен систем од 100,1%оо на 124,6%оо.
- болести на мускулноскелетен систем од 30,8%оо на 50,5%оо;
- состојби во перинаталниот период од 256,3%оо на 300,5%оо;
- конгенитални малформации од 7,2%оо на 9,7%оо и
- повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини од 48,7%оо на 66,5%оо.

Се забележува **намалување на стапката на морбидитетот**, и тоа само кај:

- одредени инфективни и паразитски болести од 130,8%оо на 57,6%оо.

Табела 6, дијаграм 4 и 5

***Дијаграм 4***




Извор: ИЈЗ на РСМ

***Дијаграм 5***




Извор: ИЈЗ на РСМ

*ова се должи на масовната и долготрајната хоспитализација на болните од ковид-19 и намален прием на пациенти со други дијагнози

***2.5.1. Намалување на бројот на остварени болнички денови во 2022 во споредба со 2021г.*** е забележано кај:

- Одредени инфективни и паразитски болести за 68,5%;
- Душевни растројства и растројства во обноските за 16% и
- Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период за 14,7%..

Кај сите останати групи на болести се забележува ***зголемување на бројот на остварените болнички денови*** тоа кај:

- Неоплазмите  за 15,7%;
- Болести на нервниот систем за 54,1%;
- Болести на крвта и крвотвор. органи за 16,9%;
- Ендокрини, нутритивни и метаболични болести за 26,8%;
- Болести на окото и на аднексите за 14,7%;
- Болести на респираторниот систем за 34,2% ;
- Болести на генитоуринарен систем за 4,6;
- Болести на дигестивен систем за 17,5%;
- Болести на кожата и на поткожното ткиво за 42,5,%;
- Болести на мускулноскелетниот систем за 41,6%;
- Болести на увото и на мастоидниот израсток за 44,6%;
- Болести на циркулаторен систем за 20,4%;
- Конгенитални малформации за 22,8% и
- Повреди за 22,3%.

Табела 4
Дијаграми 6, 7 и 8

***Дијаграм 6***




Извор: ИЈЗ на РСМ

***Дијаграм 7***




Извор: ИЈЗ на РСМ

***Дијаграм 8***




Извор: ИЈЗ на РСМ

***2.4.1. Намалување на просечното траење на лекување*** во 2022 г. на 7.9 од 8.8 дена во 2021 година и тоа кај скоро сите групи на болести, со исклучок на следните, каде се бележи зголемување на просечното траење на лекување во 2022 г. во однос на 2021 г.:

- Болести на крвта и крвотворните органи за 1 ден;
- Неоплазми за 0,2 дена;
- Болести на нервниот систем за 1,1 ден и
- Болести на увото за 0,2 дена.

Дијаграми 9, 10 и 11

***Дијаграм 9***




Извор: ИЈЗ на РСМ

***Дијаграм 10***




Извор: ИЈЗ на РСМ

➢ ***највисоко просечното траење на лекување во 2012 година, а најниско во 2018 и 2022 година***

***Дијаграм 11***




Извор: ИЈЗ на РСМ

➢ ***според групи на болести најдолго лекувани болни се од душевни растројства и во 2021 и во 2022 година***

## 3. Лекувани болни, остварени болнички денови и просечен престој според вид на јавни и приватни болнички установи

Според болнички здравствени организации во Република Северна Македонија **во 2022г. најголем број на лекувани болни** 81386, со остварени болнички денови од 374300, и со просечен престој од 4,6 дена, престојувале **во општите болници**.

Потоа следат клиниките и институтите при Клиничкиот центар со 73 152 лекувани болни, со најголем број на остварени болнички денови од 735347 и просечен престој од 10,1 ден.

На третото место во 2022г. е ЈЗО Клиничка болница-Битола „Др Трифун Паскалов“ со 12790 лекувани болни, со 70114 остварени болнички денови и просечен престој од 5,5 дена.

ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември“-Скопје со 11626 лекувани болни, потоа следи Клиничка болница „Систина“-Скопје со 7912 лекувани болни; следат центрите за рехабилитација со 6808 лекувани болни; Клиниката за хируршки болести “ Св. Наум Охридски “ со 5258 лекувани болни; Општа болница РЕ-МЕДИКА Скопје со 3201 лекувани болни; Институтот за белодробни болести и ТБЦ на деца - Козле со 2681 лекувани болни; Специјална болница за кардиохирургија “Жан Митрев“; Невропсихијатриски болници; Европска болница за вид; Специјалната болница за гинекологија и акушерство – Мајка Тереза-Скопје со 2205 лекувани болни; и т.н

Табела 10

Според болнички здравствени организации во Република Северна Македонија **во 2021г. најголем број на лекувани болни** 80281, со остварени болнички денови од 441204, и со просечен престој од 5,5 дена, престојувале **во општите болници**.

Потоа следат клиниките и институтите при Клиничкиот центар со 63 026 лекувани болни, со најголем број на остварени болнички денови од 666264 и просечен престој од 10,6 дена.

На третото место во 2021г. е ЈЗО Клиничка болница-Битола „Др Трифун Паскалов“ со 12574 лекувани болни, со 82277 остварени болнички денови и просечен престој од 6,5 дена.

ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември“-Скопје со 9331 лекувани болни, потоа следи Клиничка болница „Систина“-Скопје со 8010 лекувани болни; следат центрите за рехабилитација со 5310 лекувани болни; Клиниката за хируршки болести “ Св. Наум Охридски “ со 4773 лекувани болни; Општа болница РЕ-МЕДИКА Скопје со 4181 лекувани болни; Специјална болница за кардиохирургија “ЖаН Митрев“; Невропсихијатриски болници; Специјалната болница за гинекологија и акушерство – Мајка Тереза-Скопје со 2205 лекувани болни; Институтот за белодробни болести и ТБЦ на деца - Козле и т.н

Табела 9

## 4. Лекувани болни и болнички морбидитет на 10000 жители во центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат

Во вкупниот број на лекувани болни во болничко-стационарните установи според **центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат во 2021г.**, најголем број на болни се од болничко-стационарните установи од Скопје и неговото подрачје 102568 со Мб/10000 = 1630,2 што претставува скоро половина од вкупниот број на лекувани болни во Република Македонија. Потоа следат од болничко-стационарните установи од Охрид и нејзиното подрачје со 26 121 лекувани болни и морбидитет од 1731,8%оо; Битола со 19 814 лекувани болни и морбидитет од 1061.9%оо; Тетово со 12 377 лекувани болни и морбидитет од 384,5%оо; Велес со 11 798 лекувани болни и морбидитет од 633.7; Штип со 9 212 лекувани болни и Мб/10000 = 918.2; Прилеп со 7 272 лекувани болни и морбидитет од 663%оо; Куманово со 6 542 лекувани болни и Мб/10000 = 371.3; Струмица со 5 886 лекувани болни и морбидитет од 552.2%оо; и со најмал број на лекувани болни во 2021г. се регистрирани во Кочани 2 944 со морбидитет од 273.4 лекувани болни на 10 000 жители.

Табела 11

Во вкупниот број на лекувани болни во болничко-стационарните установи според **центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат во 2022г.**, најголем број на болни се од болничко-стационарните установи од Скопје и неговото подрачје 116889 со Мб/10000 = 1897,7 што претставува скоро половина од вкупниот број на лекувани болни во Република Македонија. Потоа следат од болничко-стационарните установи од Охрид и нејзиното подрачје со 28 085 лекувани болни и морбидитет од 1850,7%оо; Битола со 21 593 лекувани болни и морбидитет од 1240.1%оо; Тетово со 13 510 лекувани болни и морбидитет од 423,5%оо; Велес со 10 456 лекувани болни и морбидитет од 556.8; Штип со 9 701 лекувани болни и Мб/10000 = 964.4; Прилеп со 6 727 лекувани болни и морбидитет од 579.3%оо; Куманово со 6 077 лекувани болни и Мб/10000 = 345.2; Струмица со 6 001 лекувани болни и морбидитет од 563.4%оо и со најмал број на лекувани болни во 2022г. се регистрирани во Кочани 2 347 со морбидитет од 214 лекувани болни на 10 000 жители.

Табела 12

# СПЕЦИЈАЛЕН ДЕЛ

# ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2021 и 2022 ГОДИНА

## група : ИНФЕКТИВНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ (шифра А00 - В99)

***Инфективните и паразитските болести*** се често застапени во патологијата на населението во Република Северна Македонија и се на седмото место во 2022г, додека во 2021г. биле на првото место заедно со неоплазмите (за прв пат,благодарение на пандемијата со вирусот ковид-19), а биле на петотто место во 2020г и 2019г, во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко-стационарната дејност.

Бројот на ***лекувани болни*** во болничко - стационарната дејност од инфективни и паразитски болести во 2022г. се намалил за 61,1% во однос на 2021г. т.е. од 27147 во 2021 на 10548 лекувани болни во 2022г.(ова рапидно намалување е резултат на намалување на пандемијата со ковид-19 вирусот).

Намален е и бројот на остварени ***болнички денови*** за 68,5% во 2022 во однос на 2021г.

***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е намалено од 10,1 во 2021 на 8.2 денови во 2022 година.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 11 и 12

***Болничкиот морбидитет*** во 2022г. е намален на 57.6%оо од 130,8%оо во 2021г.

***Дијаграм 11***




***Извор: ИЈЗ на РСМ***

***Дијаграм 12***




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 42,4 | 37,5 | 32,2 | 28,9 | 28,9 | 25,1 | 21,9 | 26,4 | 62,4 | 130,8 | 57,6 |

***Извор: ИЈЗ на РСМ***

## II. група : НЕОПЛАЗМИ
## (шифра C00-D48)

Социјално-медицинското значење на неоплазмите се истакнува во потполна мерка денес со оглед на порастот на инциденцата и преваленцата, особено на малигните неоплазми, кои се јавуваат како втора причина за смрт на населението во Република Северна Македонија, после болести на циркулаторниот систем.
***Неоплазмите*** го заземаат првото место во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко-стационарната дејност и во двете анализирани години 2021г и 2022 година.

Бројот на ***лекувани болни*** во 2022г. е поголем за 13,9% во споредба со 2021г, т.е. од 27303 во 2021 на 31085 лекувани болни во 2022г
Зголемен е бројот на остварени ***болнички денови*** за 15,7% во 2022 во однос на 2021г.
***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е зголемено од 13.8 во 2021 на 14 денови во 2022 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 13 и 14
***Болничкиот морбидитет*** во 2022г. е зголемен на 169.7%оо од 131,6%оо во 2021г.

***Дијаграм 13***




***Извор: ИЈЗ на РСМ***

***Дијаграм 14***




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 161,7 | 147,2 | 139,0 | 138,8 | 136,4 | 139,9 | 146,7 | 158,1 | 129,6 | 131,6 | 169,7 |

***Извор: ИЈЗ на РСМ***

## III. група : БОЛЕСТИ НА КРВТА И КРВОТВОРНИТЕ ОРГАНИ И ОДРЕДЕНИ БОЛЕСТИ ШТО ГО ЗАФАЌААТ ИМУНИОТ СИСТЕМ (шифра D50 - D89)

Од болести на крвта и крвотворните органи и одредени болести што го зафаќаат имуниот систем регистрирани се поголем број на ***лекувани болни*** во 2022 во однос на 2021г., и тоа за 11%. Зголемен е и бројот на остварени ***болнички денови*** за 16,9% во 2022 во однос на 2021г.
***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е зголемено од 18.1 во 2021 на 19.1 ден во 2022 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 15 и 16
***Болничкиот морбидитет*** е е исто така зголемен од 21,4%оо во 2021 на 26,9%оо во 2022г.

*Дијаграм 15*




*Извор: ИЈЗ на РСМ*

*Дијаграм 16*




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 18,3 | 18,2 | 18,2 | 19 | 20,8 | 20,9 | 21,8 | 23,8 | 18,3 | 21,4 | 26,9 |

*Извор: ИЈЗ на РСМ*

## IV. група : ЕНДОКРИНИ, НУТРИТИВНИ И МЕТАБОЛИЧНИ БОЛЕСТИ (шифра Е00 - Е90)

Од ендокрини, нутритивни и метаболични болести регистрирани се поголем број на ***лекувани болни*** во 2022 во однос на 2021г., за 25,7%

Зголемен е и бројот на остварени ***болнички денови*** за 26.8% во 2022 во однос на 2021г.

***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е исто и во двете години и изнесува 4,1 ден.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 17 и 18

***Болничкиот морбидитет*** во 2022г. е зголемен на 35.2%оо од 24.7%оо во 2021г.

*Дијаграм 17*




*Извор: ИЈЗ на РСМ*

*Дијаграм 18*




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Mb/10000 | 29,8 | 30 | 30,9 | 28,7 | 25,8 | 26,1 | 24,9 | 27,5 | 20,1 | 24,7 |

*Извор: ИЈЗ на РСМ*

## V. група : ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА И РАСТРОЈСТВА ВО ОБНОСКИТЕ (шифра F00 - F99)

Болестите од групата на душевни растројства и растројства во обноските на кои што влијаат се покомплексните околности на кои наидува човекот во животот, како и динамичноста во темпото и мултикаузалните системски фактори од материјалната сфера на општеството, се јавуваат се почесто без разлика на возраста.
Болестите од оваа група се често застапени во патологијата на населението во Република Северна Македонија и се на дванаесеттото место во 2022г, а биле на тринаесеттото место во 2021 година во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко-стационарната дејност.
Од анализата на дадените години се забележува зголемување на бројот на ***лекувани болни*** за 12.8% во 2022 во однос на 2021г; а намалување на бројот на ***остварени болнички денови*** за 16% во 2022 во однос на 2021г. и намалување на бројот на денови на ***просечно траење на лекување*** на 62,9 дена во 2022 од 84,6 дена во 2021 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 19 и 20
***Болничкиот морбидитет*** во 2022г. е зголемен на 25,9%оо во однос на морбидитетот од 2021г., кога изнесувал 20,3%оо.

*Дијаграм 19*




*Извор: ИЈЗ на РСМ*

*Дијаграм 20*




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 31,3 | 33,3 | 32,8 | 31,3 | 30 | 27,9 | 33 | 30,9 | 21,5 | 20,3 | 25,9 |

*Извор: ИЈЗ на РСМ*

## VI. група : БОЛЕСТИ НА НЕРВНИОТ СИСТЕМ (шифра G00 - G99)

Бројот на ***лекувани болни*** од ***болести на нервниот систем*** во 2022г. се зголемил за 35% во однос на 2021, т.е. од 2712 во 2021 на 3661 лекувани болни во 2022г.
Бројот на остварени ***болнички денови*** е зголемен за 54,1% во 2022 во однос на 2021г.
***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е исто така зголемено на 9 во 2022 од 7.9 дена во 2021 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 21 и 22
***Болничкиот морбидитет*** од болести на нервниот систем во 2022г. е зголемен и изнесува 20%оо, во однос на 2021г кога бил 13.1 %оо.

***Дијаграм 21***




***Извор: ИЈЗ на РСМ***

***Дијаграм 22***




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 23,5 | 23,9 | 24,6 | 22,7 | 24,2 | 23,4 | 22,4 | 22,1 | 12,7 | 13,1 | 20 |

***Извор: ИЈЗ на РСМ***

**VII. група : БОЛЕСТИ НА ОКОТО И НА АДНЕКСИТЕ (шифра H00 - H59)**

Од болести на окото и на аднексите во 2022г. се ***лекувани*** 8855, а во 2021г. 5611 болни. (зголемување за 57.8% во 2022 во однос на 2021г.)
Во 2022г. бројот на ***остварените болнички денови*** се зголемува за 14,7 индексни поени во однос на 2021., а ***просечното траење на лекување*** по еден случај е намалено од 1,8 денови во 2021г на 1,3 денови во 2022 година.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 23 и 24

***Болничкиот морбидитет*** во 2022г. е зголемен на 48,3%оо во однос на морбидитетот од 2021г., кога изнесувал 27,0%оо.

***Дијаграм 23***




***Извор: ИЈЗ на РСМ***

***Дијаграм 24***




***Извор: ИЈЗ на РСМ***

## VIII. група : БОЛЕСТИ НА УВОТО И НА МАСТОИДНИОТ ИЗРАСТОК (шифра H60 - H95)

Болестите на увото и на мастоидниот израсток учествуваат со 0.4% во 2022г, а со 0,3% во 2021 година во вкупниот број на ***лекувани болни*** во болничко - стационарната дејност во Република Северна Македонија. Бројот на лекувани болни е зголемен за 38% во 2022 во однос на 2021г.

Во 2022г. бројот на ***остварените болнички денови*** се зголемува на 4224 во однос на 2922 во 2021г - за 44,6%.

***Просечното траење на лекување*** по еден случај се зголемува на 4,5 денови во 2022 од 4,3 денови во 2021г.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 25 и 26

***Болничкиот морбидитет*** во 2022г. е зголемен на 5.1%оо во однос на морбидитетот од 2021г., кога изнесувал 3.3%оо.

***Дијаграм 25***




***Извор: ИЈЗ на РСМ***

***Дијаграм 26***




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 9 | 9,2 | 9,4 | 8,3 | 8,7 | 13,1 | 13,2 | 7,3 | 3,4 | 3,3 | 5,1 |

***Извор: ИЈЗ на РСМ***

## IX. група : БОЛЕСТИ НА ЦИРКУЛАТОРЕН СИСТЕМ (шифра I00 - I99)

Болестите на циркулаторниот систем повеќе од 20 години претставуваат голем социјално-медицински проблем во Република Северна Македонија, за што говорат и податоците за бројот на лекуваните болни во болничко-стационарната дејност. Посебно негативна тенденција е зафатеноста на помладите возрасни групации, големиот број на остварени болнички денови, појавата на инвалидност, раното пензионирање, како и предвременото умирање.
Болестите од оваа група паѓаат на второто место во 2021 и 2022 година, а биле на првото од 2000 до 2005г во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко-стационарната дејност во Република Северна Македонија. Во вкупно регистрираните болести тие учествуваат со процентуалната застапеност од 13.9 во 2022, а со 12,2 во 2021 година.
Од болести на циркулаторен систем во 2021г. се лекувале 24854 болни, кои оствариле 113565 болнички денови, со просечното траење на лекување по еден случај од 4,6 дена.

Во 2022г. бројот на ***лекувани болни*** се зголемил за 24.1% во однос на 2021г. ***Остварените болнички денови*** се зголемени за 20.4%, а ***просечното траење на лекување по еден случај*** е намалено од 4,6 дена во 2021 на 4,4 дена во 2022г.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 27 и 28
***Болничкиот морбидитет*** во 2022г. е зголемен на 168.4%оо во однос на морбидитетот од 2021г. кога изнесувал 119,8%оо.

***Дијаграм 27***




***Извор: ИЈЗ на РСМ***

***Дијаграм 28***




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мб/10000 | 160,7 | 158,3 | 157,5 | 159,2 | 162,8 | 183,4 | 175,6 | 174 | 118,1 | 119,8 | 168,4 |

***Извор: ИЈЗ на РСМ***

**X. група : БОЛЕСТИ НА РЕСПИРАТОРЕН СИСТЕМ**
**(шифра J00 - J99)**

Загадувањето на животната средина, посебно загадувањето на воздухот допринесува респираторните болести да се на првото место во морбидитетот на популацијата од 2006, а на второ до 2005г.,додека во 2021 се со 8.1% учество,а со 10.3% учество во 2022 година во вкупно лекуваните.

Во 2022г. од овие болести се ***лекувани*** 22816 болни кои се за 38.3% повеќе во однос на лекуваните во 2021г., кои оствариле и поголем број ***болнички денови*** за 34.2% и поголем ***болнички морбидитет*** од 124.6%оо во 2022г во однос на 79,5%оо од 2021 година.

***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови се намалува од 6 дена во 2021 на 5,9 дена во 2022 година.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 29 и 30

***Дијаграм 29***




***Извор: ИЈЗ на РСМ***

***Дијаграм 30***




***Извор: ИЈЗ на РСМ***

## XI. група : БОЛЕСТИ НА ДИГЕСТИВНИОТ СИСТЕМ (шифра K00 - K93)

Болестите од оваа група се често застапени во патологијата на населението во Република Северна Македонија и се на третото место до 2007 година, на четвртото место во 2010, 2011 и 2012 година, на шесттото во 2021 и на петтото во 2022 година во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко - стационарната дејност.
Во вкупно регистрираните болести во 2022г. тие учествуваат со 8.7%.

Во 2022г. од овие болести се ***лекувани*** 19243 болни за 19.8% повеќе во однос на 2021г., кои оствариле поголем број ***болнички денови*** во 2022 во однос на 2021 за 17,5% и поголем ***болнички морбидитет*** од 105,1%oo (77.4%oo во 2021г)

***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е исто и во двете години и изнесува 4,6 дена.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 31 и 32

*Дијаграм 31*




*Извор: ИЈЗ на РСМ*

*Дијаграм 32*




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 107,9 | 113,8 | 109,8 | 114,4 | 107,4 | 118,4 | 119,0 | 103,7 | 60,6 | 77,4 | 105,1 |

*Извор: ИЈЗ на РСМ*

## XII. група : БОЛЕСТИ НА КОЖАТА И ПОТКОЖНОТО ТКИВО (шифра L00 - L99)

Од болестите на кожата и поткожното ткиво во болничко-стационарната дејност во Р. Северна Македонија во 2022г. се регистрирани поголем број на случаи 3151 (за 45,7% повеќе од 2021г.); поголем број на ***остварени болнички денови за 42,5% во 2022 во однос на 2021г,*** и поголем ***морбидитет*** од 17.2%оо (10,4%оо во 2021г).

Во вкупниот број на лекувани болни во болничко стационарната дејност во Републиката, ***лекуваните болни*** од овие болести се застапени со 1,1% во 2021г, и со 1.4% во 2022г во вкупниот морбидитет.

***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови во 2022г е намалено на 4.9 од 5 дена, колку што биле во 2021г.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 33 и 34

*Дијаграм 33*




*Извор: ИЈЗ на РСМ*

*Дијаграм 34*




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мб/10000 | 18,8 | 21,6 | 22,6 | 21,7 | 24,1 | 21,7 | 19,1 | 19,1 | 9,1 | 10,4 | 17,2 |

*Извор: ИЈЗ на РСМ*

## XIII. група : БОЛЕСТИ НА МУСКУЛНОСКЕЛЕТНИОТ СИСТЕМ И НА СВРЗНОТО ТКИВО (шифра М00 - М99)

Појавата на болестите на мускулноскелетниот систем и на сврзното ткиво се поврзани со продолжувањето на просечниот век на живеење и зголемувањето во постарите возрасни групи на населението.

Во 2021г. од болести на мускулноскелетниот систем и на сврзното ткиво во болничко-стационарната дејност во Република Северна Македонија се лекувани 6395 болни кои оствариле 53791 болнички денови, со просечно траење на лекување по еден случај од 8.4 дена.

Во 2022г. бројот на ***лекуваните болни*** е поголем и изнесува 9256, со поголем број на ***остварени болнички денови*** од 76143 и помало ***просечно траење на лекување*** од 8,2 дена, во споредба со 8,4 дена во 2021 година.

Следејќи ја стапката на ***морбидитет*** во анализираниот период, се забележува пораст на 50.5оо во 2022 од 30.8%оо во 2021 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 35 и 36

***Дијаграм 35***




***Извор: ИЈЗ на РСМ***

***Дијаграм 36***




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 53,8 | 56,4 | 53,8 | 50,8 | 53,7 | 52,1 | 50,3 | 52,4 | 25,8 | 30,8 | 50,5 |

***Извор: ИЈЗ на РСМ***

## XIV група : БОЛЕСТИ НА ГЕНИТОУРИНАРНИОТ СИСТЕМ (шифра N00 - N99)

Бројот на ***лекувани болни*** во 2022г. е 22828 со ***остварени*** 107177 ***болнички денови***(за 4,6 повеќе во однос на 2021г.), а во 2021г. се лекувани 20771 болни (за 9.9% повеќе во 2022), кои оствариле 102482 болнички денови.

***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови во 2022г. е пократко и изнесува 4.7 дена, во однос на 2021 г. (4,9 дена).

***Стапката на морбидитет*** перманентно се зголемува од 63.9%оо во 2001г, на 91.6%оо во 2008 година. Во 2009 се забележува пад на стапката на 85.5%оо, за во 2011 и 2012 повторно да има пораст на 95.2%оо и 121.1%оо во 2014 година. Во 2015 година се забележува повторно опаѓање на морбидитетот на 118.3%оо, и во 2021г. пораст на 100,1%оо, и во 2022 исто така пораст на 124.6%оо.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 37 и 38

*Дијаграм 37*




*Извор: ИЈЗ на РСМ*

*Дијаграм 38*




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 101,3 | 113,9 | 121,1 | 118,3 | 123,5 | 124,3 | 124,4 | 126,4 | 82,8 | 100,1 | 124,6 |

*Извор: ИЈЗ на РСМ*

## XV. група : БРЕМЕНОСТ, ПОРОДУВАЊЕ И ПУЕРПЕРИУМ (шифра O00 - O99)

Бројот на ***лекувани болни*** од групата на бременост, породување и пуерпериум во 2021г. изнесува 6415, а во 2022 – 6601 и е поголем за 2,9 индексни поени во однос на 2021г.

Бројот на ***остварени болнички денови*** во 2021г. изнесува 19007, а просечното траење на лекување по еден случај 3 дена.

Во 2022г. бројот на остварените болнички денови се намалува за 4.9% и изнесува 18084, и ***просечното траење на лекување*** по еден случај исто се намалува на 2.7 дена.

***Стапката на морбидитетот*** во 2021г. е 127.4%оо, а во 2022г. се зголемува на 161.9%оо.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 39 и 40

***Дијаграм 39***




***Извор: ИЈЗ на РСМ***

***Дијаграм 40***




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мб/10000 | 297,4 | 300,2 | 302,6 | 315,7 | 283,3 | 282,9 | 230,5 | 154,3 | 110,4 | 127,4 | 161,9 |

***Извор: ИЈЗ на РСМ***

## XVI. група: ОДРЕДЕНИ СОСТОЈБИ ШТО НАСТАНУВААТ ВО ПЕРИНАТАЛНИОТ ПЕРИОД (шифра P00 - P96)

Според податоците од болничките установи во Републиката во кои се остварува здравствената заштита на мајките и новороденчињата, во 2022г. ***лекувани*** се вкупно 517 случаи од одредени состојби настанати во перинаталниот период, а во 2021г. се лекувани 525 (за 1,5% помалку) случаи.

Во 2021г. овие болни оствариле 6313 ***болнички денови*** со просечно траење на лекување од 12 дена, а во 2022г. – 5388 болнички денови (за 14.7% помалку), и пократко ***просечно траење на лекување*** од 10.4 дена.

***Стапката на морбидитет*** во 2001г. е 461.2%оо, во 2007г. е највисока 658.7%оо, а во 2013г. се намалува на 366.1%оо во однос на споменатите години. Во 2014 стапката на морбидитет се зголемува, во 2015 се намалува и изнесува 340.3%оо а во 2016 повторно се зголемува и изнесува 403.4%оо. Во 2021 изнесува 256,3%оо., а во 2022 се зголемува во однос на 2021г. и изнесува 300,5%оо.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 41 и 42

*Дијаграм 41*




*Извор: ИЈЗ на РСМ*

*Дијаграм 42*




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ■ Мб/10000 | 438,6 | 366,1 | 513,4 | 340,3 | 403,4 | 348,8 | 310,4 | 337,8 | 207,9 | 256,3 | 300,5 |

*Извор: ИЈЗ на РСМ*

## XVII. група: КОНГЕНИТАЛНИ МАЛФОРМАЦИИ, ДЕФОРМАЦИИ И ХРОМОЗОМСКИ НЕНОРМАЛНОСТИ (шифра Q00 - Q99)

Конгениталните малформации, деформации и хромозомски ненормалности се група на болести и состојби, посебно значајни за анализа и проучување, од причина што нивното настанување е во директна врска со појавата на низа ендогени, односно тератогени фактори, но и егзогени фактори на надворешната средина (радиоактивно зрачење, хемиски агенси, вируси и друго).

Во 2021г. ***лекувани*** се вкупно 1487 случаи, а во 2022г 1778.

Во 2021г. овие болни оствариле 6546 ***болнички денови*** со ***просечно траење на лекување*** од 4.4 дена, а во 2022г. – 8037 болнички денови (за 22.8% повеќе), и подолго просечно траење на лекување од 4,5 дена.

***Стапката на морбидитет*** во 2022 година се зголемува на 9.7%оо од 7.2%оо.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 43 и 44

*Дијаграм 43*




*Извор: ИЈЗ на РСМ*

*Дијаграм 44*




*Извор: ИЈЗ на РСМ*

## XVIII.група: СИМПТОМИ, ЗНАЦИ И НЕНОРМАЛНИ КЛИНИЧКИ И ЛАБОРАТОРИСКИ НАОДИ, НЕКЛАСИФИЦИРАНИ НА ДРУГО МЕСТО (шифра R00 - R99)

Во болничко-стационарната дејност во Р. Македонија групата на симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди, некласифицирани на друго место во структурата на лекувани болни имаат помала застапеност од 4,6% во споредба со 4.8% застапеност во 2021г..

***Стапката на морбидитет*** на 10 000 жители во 2021г. изнесува 47,6, а во 2022 година се зголемува на 56,2
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 45 и 46

***Дијаграм 45***




***Извор: ИЈЗ на РСМ***

***Дијаграм 46***




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 27,8 | 29,5 | 36,6 | 34,8 | 40,2 | 45,9 | 44,9 | 57,1 | 33 | 47,6 | 56,2 |

***Извор: ИЈЗ на РСМ***

## XIX. група : ПОВРЕДА, ТРУЕЊЕ И ДРУГИ ОДРЕДЕНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД НАДВОРЕШНИ ПРИЧИНИ (шифра S00 - Т98)

Современиот начин на живот, индустријализацијата и урбанизацијата, како и динамичното темпо на живеење се меѓу најчестите фактори за се поголемата застапеност на повредите во вкупната патологија на населението во Република Македонија.

Социјално - медицинското значење на оваа групација е големо заради потребата од ургентно згрижување во стационарните установи (пр. повредите во сообраќајни несреќи), високиот процент на појава на инвалидност и смртност, како и високите трошоци за лекување и рехабилитација.

Нивното учество во вкупниот број на ***лекувани болни*** во болничко-стационарната дејност се зголемува и изнесува 5.5% во 2022 од 4,9 % во 2021 година во вкупниот број на лекувани болни. Во 2021г се на седмото место, а во 2022г се на шестото во структурата на вкупно лекуваните болни во оваа дејност.

Во 2021г. лекувани се вкупно 10096 случаи, а во 2022г. се лекувани 12185 (повеќе за 20,7%). Во 2021г. овие болни оствариле 60090 ***болнички денови со просечно траење на лекување*** од 6 дена, а во 2022г. - 73516 (повеќе за 22,3%) болнички денови и исто просечно траење на лекување од 6 дена.

***Стапката на морбидитет*** на 10 000 жители во 2021г. изнесувала 48.7, а во 2022 година се зголемува на 66.5.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 47 и 48

*Дијаграм 47*




*Извор: ИЈЗ на РСМ*

*Дијаграм 48*




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 64,6 | 63,6 | 64,1 | 62,1 | 62,8 | 62,9 | 62,6 | 60,4 | 46,4 | 48,7 | 66,5 |

*Извор: ИЈЗ на РСМ*

## XXI. група : ФАКТОРИ ШТО ВЛИЈААТ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА И КОНТАКТ СО ЗДРАВСТВЕНИТЕ СЛУЖБИ (шифра Z00 - Z99)

Во 2021г. во болничко-стационарната дејност од групата фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби се лекувани 12174 болни, а во 2022 - 10673 за 12.3% помалку.

Во 2021г. овие ***болни*** оствариле вкупно 61285 ***болнички денови***, а во 2022 за 17.7% помалку; со ***просечно траење на лекување*** по еден случај од 5 дена во 2021 и 4,7 дена во 2022г.

***Стапката на морбидитет*** на 10000 жители од 58.7 во 2021 се намалила на 58,3 во 2022 година. Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 49 и 50

*Дијаграм 49*




*Извор: ИЈЗ на РСМ*

*Дијаграм 50*




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 44,7 | 45,9 | 46 | 50 | 55,5 | 66,8 | 66,4 | 58,8 | 37 | 58,7 | 58,3 |

*Извор: ИЈЗ на РСМ*

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Од извршената анализа на болничко - статистичкиот материјал за 2021 и 2022 година во врска со функционирањето на болничко-стационарната дејност во Република Северна Македонија, а со цел за согледување на болничкиот морбидитет произлегуваат следните заклучоци, констатирани во 2022 во однос на 2021:

- **Бројот на лекуваните болни и болничкиот морбидитет се зголемени;**
- **Бројот на остварените болнички денови се намалени;**
- **Бројот на деновите на просечното траење на лекување по еден случај е намален;**
- **Во структурата на лекувани болни според групи на болести, и во двете анализирани години на прво место се неоплазмите;**

**Во морбидитетот на лекувани мажи** доминираат болести на циркулаторниот систем (180.3%оо); неоплазми (137.7%оо); болести на респираторен систем (117.6%оо); болести на дигестивен систем (105.9%оо); болести на генитоуринарен систем (78.6%оо) и т.н.
**Во морбидитетот на лекувани жени** доминираат неоплазми (161.7%оо); болести на генитоуринарниот систем (141,4%оо); болести на циркулаторен систем (116.6%оо); болести на респираторен систем (102.1%оо); болести на дигестивен систем (79.3%оо) и т.н.

- **Во структурата на остварени болнички денови според групи на болести, на прво место во 2021 и во 2022 година се болните од неоплазми;**
- **Просечно траење на лекување по еден случај и во двете анализирани години е најдолго кај болните од душевни растројства и растројства во обноските;**
- **Во вкупниот број на лекувани болни во болничко-стационарните организации според региони во 2021 и 2022г., најголем број на лекувани болни се регистрирани од Скопје;**
- **Според јавни и приватни болнички установи во Република Северна Македонија во 2021 и 2022г. најголем број на лекувани болни се регистрирани во општите болници, а со најмногу остварени болнички денови престојувале во клиниките и институтите при клиничкиот центар;**
